Република Македонија
**ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Бр.11-334
23.11.2015 година
Н е г о т и н о

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина (``Службен весник на РМ``бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 ,83/09, 48/10, 124/10 ,51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# О Д Л У К А

## За спроведување на стратегиска оцена

Член 1

За планскиот документ ЛУПД за изградба на базна станица на мобилна телефонија ВЛС 9102 на КП 3918 КО Д.Дисан Општина Неготино, кој го донесува Општина Неготино потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

Член 2

Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ ЛУПД за изградба на базна станица на мобилна телефонија ВЛС 9102 на КП 3918 КО Д.Дисан Општина Неготино се определуваат следните: Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Неготино.

Член 3

За планскиот документ ЛУПД за изградба на базна станица на мобилна телефонија ВЛС 9102 на КП 3918 КО Д.Дисан Општина Неготино, за чија изработка е надлежна Општина Неготино, а за донесување на истиот е надлежна општина Неготино, се утврдува дека донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина.

Член 4

Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:

Влијанието на нејонизирачкото зрачење, влијание врз почвата, влијание врз пределот, влијание врз биодиверзитетот, влијание во однос на генерирањето на отпадот во фазата на изградба.

Член 5

Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена да се објави на веб страницата на општина Неготино на следната адреса /: www.negotino.gov.mk

Член 6

Против ова Одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина, просторно планирање и води во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Општина Неготино
Градоначалник
Ванчо Апостолов